РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 468/4
17.04 20 26 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 54 седница одржана на 27.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Архитектура и урбанизам“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Архитектонски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Архитектура и урбанизам“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Архитектонски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на технички науки од областа на архитектура и урбанизам /во меѓународен промет академски назив: PhD in Technical Sciences in the Field of Architecture and Urbanism (dr.sc, PhD).
Научно - истражувачко подрачје: 2 Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 2.01 Градежништво, 2.01.02 Архитектура, Научно - истражувачко област: 2.01.02.01 Архитектонско проектирање, 2.01.02.02 Теорија на архитектурата , 2.01.02.03 Проектирање на ентериер и мебел, 2.01.02.04 Архитектонско инженерство, 2.01.02.05 Историја на архитектура и уметност, 2.01.02.06 Заштита на градителско наследство, 2.01.02.07 Графички комуникации, 2.01.02.08 Друго.
4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: Проф. д-р Страхиња Трпески, Проф. д-р Минас Бакалчев, Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, Проф. д-р Анета Христова Поповска, Проф. д-р Елизабета Касапова, Проф. д-р Александар Радевски, Проф. д-р Михајло Зиноски, Проф. д-р Огнен Марина , Проф. д-р Саша Тасиќ, Проф. д-р Горан Мицковски, Проф. д-р Бојан Каранаков, Проф. д-р Јован Ивановски, Проф. д-р Слободан Велевски, Проф. д-р Ана Тромбева Гаврилоска, Проф. д-р Марија Мано Велевска, Проф. д-р Ана Ивановска Дескова, Проф. д-р Мери Батакоја, Вонр. проф. д-р Александар Петровски.
5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-373/7 од 27.02.2026 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Архитектура и урбанизам“, трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Архитектонски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 17-17/59 од 05.03.2026 година (наш бр. 08 - 468/1 од 17.03.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 53-та седницата одржана на 18.03.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 468/3 од 06.04.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024) и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 54-та седница одржана на 27.03.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков